РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-123/1
06.02.2026 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.02.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на извештај за реализирани активности од Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Пехчево за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот Извештај за реализираните активности од Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Пехчево за 2025 година.

**Член 2**

Извештајот за реализираните активности од Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Пехчево за 2025 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 01 – 123/2
06.02. 2026 год
ПЕХЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

**Февруари, 2026 година**

## ВОВЕД

Извештајот за реализираните активности од Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Пехчево за 2025 година претставува преглед на спроведените активности и иницијативи на младите, кои имаат за цел подобрување на положбата на младите во Пехчево и поттикнување на нивната активна вклученост во заедницата.

Програмата се реализираше во согласност со прироритетите дадени од страна на младите, нивните идеи и иницијативи.

Во текот на 2025 година, посебен акцент беше ставен на поддршка на младински иницијативи, промовирање на неформално образование, волонтеризам, културни и спортски активности, како и создавање можности за личен и професионален развој на младите.

Целта на овој извештај е транспарентно да се прикаже степенот на реализација на активностите, постигнатите резултати, како и идентификување на предизвиците и препораките за унапредување на идните младински политики.

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

| Реден број | Опис на активноста | Корисници | Реализирани средства | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Организирање младински турнири во фудбал по повод 7 Септември – денот на ослободивањето на градот Пехчево | Сите жители на градот Пехчево од сите возрасни категории, сите учесници во турнирот | 1.900,00 денари | Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево |
| 2. | Организирање на хуманитарен турнир во мал фудбал | Фудбалот беше од хуманитарен карактер, собраните средства од наплатените карти и котизација на пријавените екипи беа за лекување на Андреа Гиздовска | 3.800,00 денари | Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево |
| 3. | Собир на граѓани за оддавање на почит на загинатите во трагедијата во Кочани | / | 1.400,00 денари | Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево |
| 4. | Посета на Младински центар во Пробиштип и посета на младинскиот хаб во Штип | Членовите на Локалното собрание и Локалниот младински совет | 10.500,00 денари | Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 5. | Кино проекција на филмот „Сам дома“ – втор дел по повод Новогодишните и Божиќните празници | Сите љубители на филм | 0 денари | / |
| 6. | Одбележување на 4 – ти Јули, Денот на независноста на Америка | Членовите на Локалното собрание на млади Локалниот младински совет на Општина Пехчево | 3.150,00 денари | Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево и од волонтерката од Мировен корпус во Општина Пехчево |
| **ВКУПНО:** | | | | **20.750,00 денари** |

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Согласно Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Пехчево за 2025 година од страна на членовите на советот, успешно беа реализирани горенаведените активности.

Членовите на Локалниот младински совет по повод 7 Септември, денот на ослободувањето на градот Пехчево, организираа **турнир во мал фудбал**. На социјалните мрежи, членовите на ЛМС имаа направено објава за пријавување на екипи – учесници на турнирот,а за победниците имаше обезбедено и парични награди. Наградите беа спонзорство од поголем број на фирми од Општина Пехчево. Спортската сала од страна на директорката на училиштетот беше дадена на користење без надомест, а Општина Пехчево обезбеди вода за сите учесници односно набавени беа 10 пакети со вода, по барање на организаторите на турнирот. За оваа активност од буџетот на Општина Пехчево се издвоени **1.900,00 денари.**

Друга активност која оваа година ја имаат организирано членовите на ЛМС е Организирање на **хуманитарен турнир во мал фудбал**. И за овој турнир повторно спортската сала беше дадена на користење од страна на директорката без надомест, дипломите кои беа доделени на сите екипи учесници беа обезбедени како спонзорство, а општината обезбеди вода за сите учесници. Од буџетот на Општина Пехчево беа обезбедени **3.800,00 денари** за 20 пакети вода. Собраните финансиски средства од уплатената котизација на пријавените екипи и финансиските средства собрани од продадените влезници беа донирани за лекување на Андреа Гиздовска од Пехчево.

За оддавање на почит на загинатите млади лица во трагедијата која се случи во Кочани, членовите на ЛМС од Пехчево организираа **собир на граѓани на Плоштадот Свети Петар и Павле во Пехчево**.Општината за оваа активност ги поддржа младите со буџет од **1.400,00 денари**. Беа купени рамки за слики во кои беа ставени натписи за почит кон загинатите, екибана и свеќи.

По барање на членовите на ЛМС, а согласно предвидените активности во Програмата за работа на ЛМС на Општина Пехчево за 2025 година, тие го посетија **Младинскиот центар во Пробиштип и младискиот хаб во Штип**. Таму споделија искуства за функцинирањето на двата младински центри, начинот на работа, спроедувањето на одредени активности од страна на младите. Општина Пехчево за оваа активност одвои од својот буџет **10.500,00 денари** за организирање на превоз за посета на горенаведените младински центри.

На 4 јули во организација на волонтерката од Амерка, која преку Мировен корпус волонтира во Пехчево, а со поддршка и присуство на членовите од ЛМС од Пехчево беше одбележан американскиот празник, **независноста на Америка**.

Одбележувањето на овој празник беше организирано на спортско рекреативниот центар во туристичката населба „Равна Река“ – Пехчево. Сите имаа донесено некаков вид на храна, заедно го исчистија просторот околу спортскиот центар, разговараа за културата во Македонија и културата во Америка, за празниците кои се слават во Македонија и празниците кои се слават во Америка, а од Буџетот на Општина Пехчево за оваа активност се одвоени **3.150,00 денари** за организирање на превоз.

Последната активност која беше организирана од членовите на ЛМС беше movie night. По повод новогодишните и божиќните празници ЛМС во Домот на културата „Јане Сандански“ – Пехчево организираше гледање на филм „Сам дома“ – втор дел кој има забавна новогодишна содржина. Салата при Домот на културата, на ЛМС беше дадена без надомест, додека со техниката управуваше Страхил Симовски исто така без надомест. Посетеноста на филмот беше огромна односно присуствуваа околу 120 деца, млади и возрасни. Средствата кои беа собрени од продадените карти ќе бидат искористени за уредување на просторот пред гимназијата во Пехчево.

Во програмата за работа на ЛМС на Општина Пехчево за 2025 година беа предвидени вкупно **50.000,00 денари**, а потрошени се **20.750,00 денари.**

Изработил:
Елица Јовевска
Советник за планирање на ЛЕР

Совет на Општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски